Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 19.01.2024

Денеска (19.01.2024) во 00.30 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип ги лишиле од слобода И.В.(34), С.И.(29) и 22 – годишната В.Д., сите од Штип. При претрес во домот на И.В., извршен со судска наредба, во кој биле затекнати С.И. и В.Д., биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја, марихуана, дигитална вага и други предмети со остатоци од бела грутчеста материја. И.В. бил задржан во полициска станица, а за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (19.01.2024) во 02.30 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово, полициски службеници од СВР-Тетово ги лишиле од слобода М.С.(21) и малолетник, двајцата од Тетово. Тие биле затекнати при кражба на мотецикл во двор од куќа. Одземето било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата се задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 18.01.2024 во Гевгелија, полициски службеници од Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија и Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода Г.Ш.(39) од Кавадарци, со привремен престој во Гевгелија. По преземени мерки и активности било дојдено до сознание дека на 12.01.2024 околу 20.00 часот, тој го управувал патничкото моторно возило „крајслер", кое во близина на Дојран излета во провалија, а во кое превезувал 11 лица мигранти од Сирија, од кои едно лице почина, а останатите се здобија со повреди. Според пријавеното, пред да излета возилото, тој скокнал од него и го напуштил местото. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 418 – 6 став 3 и 4 и член 300 став 4, а во врска со член 297 и член 301 од Кривичниот законик.

На 18.01.2024 во Штип, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Штип го лишиле од слобода И.А. (31) од село Габревци, општина Кончe, кој бил баран од Одделението за внатрешни работи Радовиш поради сомнение дека е сторителот на повеќе кривични дела на подрачје на Радовиш. Врз основа на судска наредба, извршен е претрес во неговиот дом во село Габревци, при што биле пронајдени предмети кои потекнуваат од кривичните дела. Со него бил извршен службен разговор, при што признал дека во реонот на брана „Мантово", општина Кончe, извршил шест кривични дела „тешка кражба" и едно кривично дело „кражба", пријавени во периодот од октомври 2023 до јануари 2024 година. Лицето е задржано во просториите на Полициската станица Радовиш, за настанот е запознаен Јавен обвинител од Основното обвинителство Радовиш и против него се поднесени соодветни пријави по член 236 и член 235 од Кривичниот законик.

На 19.01.2024 во 01.40 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Б.И.(29) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.01.2024 во 03.00 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода И.Ј.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.01.2024 во 00.10 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.С.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.01.2024 во 10.00 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле лицето Т.Ц.(48) од тетовско Селце. Тој бил баран со судска наредба за издржување затворска казна. Лицето било предадено во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 18.01.2024 во 07.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го привеле Н.В.(24) од с.Тромеѓа, кумановско. Тој бил баран со наредба од Основен суд Куманово за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 18.01.2024 во 18.30 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода М.Е.(20) од Република Албанија. При извршена гранична проверка и контрола било констатирано дека возилото „ауди а8" со англиски национални ознаки, кое го управувал, евидира во Секторот за меѓународна полициска соработка – Интерпол како украдено. Лицето и возилото биле предадени на полициски службеници од ЕВР Чаир за понатамошна постапка.

На 18.01.2024 во 18.00 часот на Граничен премин Деве Баир, полициски службеници го привеле Д.Д.(22) од Република Бугарија затоа што по извршената пасошка проверка било констатирано дека во државата немал пријавено престој и дека престојувал повеќе од дозволеното. Лицето било предадено во Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 18.01.2024 на ул.„Јадранска Магистрала" во Скопје, полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Скопје го привеле А.А.(33) од Република Црна Гора затоа што при извршена контрола било констатирано дека немал регулиран престој во државата. Лицето било предадено на полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север за понатамошна постапка.

На 18.01.2024 во 12.00 часот во Полициската канцеларија Богданци било пријавено дека во двор на ул.„Кукушка" во Богданци била пронајдена стара неиспукана граната. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Гевгелија ја подигнал гранатата и било констатирано дека се работи за артилериска граната со потекло од Втората светска војна.

На 18.01.2024 во 23.45 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Јоска Јорданоски" во Прилеп, патничко возило „сеат кордоба" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј. (51) од Прилеп, удрило во пешакот С.Т.(57) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Градската болница во Прилеп. Увид на местото извршила екипа од ОВР Прилеп.

На 18.01.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Тодосија Паунов" во Кочани, патничко возило удрило во пешакот С.С.(74) од Кочани и го напуштило местото. Во несреќата, С.С се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Кочани. Увид на местото извршила увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 18.01.2024 во 23.45 часот во Полициската станица Драчево, Т.П.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2024 во 10.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода К.А.(24) од Скопје. При претрес во домот во кој престојува, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.01.2024 во 20.40 часот на подрачјето на Гази Баба-Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.З.(20) од с.Јурумлери, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.01.2024 во 00.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово ја лишиле од слобода Р.И.(18) од Скопје. Претходниот ден околу 21.30 часот, таа пријавила дека Е.И.(55) од Тетово физички ја нападнал и против нејзина волја ја држел во неговиот дом. По преземени мерки и активности во соработка со Центарот за социјални работи Тетово, било утврдено дека таа лажно го пријавила настанот, а подоцна во службен разговор и самата признала дека по своја волја престојувала кај него дома. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена пријава по член 366 став 1 во врска со член 140 став 1 од Кривичниот законик.

На 18.01.2024 во 12.45 часот на магистрален пат Гостивар – Кичево, кај „Стакларска крстосница", полициски службеници од СВР Тетово - Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај-Гостивар ја привеле 34-годишната Ѓ.Б. од Куманово која заедно со нејзините две малолетни деца била затекната при питачење. По документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.01.2024 во 12.05 часот во СВР Битола, А.Д.(50) од Битола пријавил дека на ул.„Пелистер" бил каснат од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Тетово продолжува со активностите за поголем ред и безбедност во сообраќајот на тетовско-гостиварското подрачје. Вчера (18-јануари) од 12.00 до 17.00 часот спроведена е акција контрола во која биле откриени и санкционирани 17 возачи кои вршеле неправилно и непропишно престинување (ТЕ-14 и ГВ-3). На сите возачи прекршителите им се изготвени предвидените законски поднесоци со парични глоби, кои за ваков вид на прекршоци се движат од 45 до 300 евра во денарска противвредност, додека оние кои вршеле престинување на колона, полна линија или пред крстосница ќе се соочат со заштитна мерка забрана за управување возило од 3 до 12 месеци. При контролата, биле констатирани и 17 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-16 и ГВ-1).

На 18.01.2024 во 21.00 часот на подрачје на Центар - Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го привеле Б.Н.(41) од Скопје затоа што го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 18.01.2024 во 13.10 часот во СВР Битола, И.П.(59) од Битола пријавил дека на ул.„Крсте Нале" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2024 околу 08.40 часот на регионалниот пат Скопје – Куманово, во близина на с.Грушино, скопско, полициски службеници од Полициското одделение Арачиново го понашле патничкото возило „рено клио" со скопски регистарски ознаки, за кое на 11.01.2024 беше пријавено како одземено. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.01.2024 во 08.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во приватна болница во Скопје со повреди биле донесени Н.Т.(26) и В.М.(33), двајцата од Скопје. Според пријавеното, тие се здобиле со повредите при извршување работни задачи во фирма на подрачјето на Гази Баба – Скопје. Увид бил извршен и за настанот бил известен трудов инспектор.

На 18.01 2024 во 12.45 часот во ОВР Прилеп, Б.Б.(74) од Прилеп пријавила дека на ул.„Кеј 9 Септември" била касната од куче скитник.

На 18.01.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, 55-годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од С.Д. од скопско. Според пријавеното, во текот на јули 2023 година тој извршил работи во нејзиниот стан, по што се договориле истото да го заврши и во нејзиниот дом во Крушево, за што однапред му дала пари. Како што е пријавено, тој ниту ја завршил работата, ниту ги вратил парите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Катланово, скопско, настанал пожар во викенд куќа, сопственост на С.Л.(54) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен.

На 18.01.2024 во 11.40 часот во Полициската станица Кичево, Ј.С.(54) од Скопје, со живеалиште во Кичево, пријавил дека на ул.„М.У.Гина" во Кичево неговата мајка А.С.(77) била касната од куче скитник.

На 18.01.2024 во 14.20 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на ул.„Туристичка" во Струга настанал пожар во патничко моторно возило „опел" со охридски регистарски ознаки, сопственост на Ж.Ц.А.(53) од с.Орман, охридско. Екипа на Територијалната противпожарна единица Струга го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 18.01.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје, З.М.(59) од Скопје пријавил дека околу 06.00 часот на работното место во објект на Паркинзи на општина Центар бил физички нападнат од неговиот колега Ф.Ш.. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.04.2024 во 19.50 часот во СВР Скопје, Д.Р.Д.(42) од Скопје пријавила дека околу 15.30 часот на подрачје на Аеродром била физички нападната од едно женско лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.01.2024 во 16.33 во СВР Скопје, С.Ц.(48) од Скопје пријавила дека на подрачје на Ѓорче Петров во Скопје, поради недоразбирање околу паркирање на возилата, Г.Ѓ.(3а) од Скопје агресивно се однесувал и ѝ упатил закани. За настанот била известена Единицата за насилен криминал при СВР Скопје и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 18.01.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје, од Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение на подрачје на Карпош – Скопје било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник М.А.(16), кој и претходно неколку пати се оддалечувал и бил пронаѓан и враќан. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

На 18.01.2024 во 18.55 часот во Полициската станица Велес, Ј.П.(63) од Велес пријавил дека на улица „Никола Карев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2024 во 17.35 часот во Полициската станица Македонски Брод, М.Ј.(73) од Скопје пријавил дека на ул.„Маршал Тито" во Македонски Брод бил каснат од куче скитник.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет